ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 18 јули 2014

# СООПШТЕНИЕ

## ФЗОМ се стекна се ИСО 9001:2008 сертификат

Како резултат на своите заложби во внесување на сите иновации  и стандарди во своето секојдневно работење, што ќе резултира со задоволни осигуреници и клиенти, ФЗОМ се стекна со ИСО 9001:2008.

Овој сертификат потврдува дека институцијата континуирано работи на подобрување на ефикасноста во управувањето со внатрешните процеси и испораката на услугите кон крајните корисници.

Овој стандард е дел од ИСО 9000 групата  стандарди  што се однесуваат на имплементација на најдобрите практики во управувањето со квалитет во една организација.




Имплементираните ИСО процеси и процедури опфаќаат голем опсег од работењето на ФЗОМ, вклучувајќи ги областите на: стратегиско и тековно планирање, реализирање на внатрешните процеси во работењето на ФЗОМ, услугите кои ФЗОМ ги дава на своите осигуреници и следење и подобрување на работењето.

Добивањето на ИСО 9001:2008 во пракса значи валоризирање на бројните интерни процедури, обуки, тестирарања кои вродија со плод. Веќе сме признати како реформска институција со големи олеснувања, стандардизирани одлучување и фокус на услугите кон корисниците.

Фактот што ФЗОМ се сертифицираше со ИСО 9001:2008 стандардот го потврдува континуираниот фокус на нашата институција за подобрување на квалитетот на работењето на администрацијата на територијата на целата држава. Тоа е голем успех за една институција а уште поголемо признание за јавна администрација.